| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Децата и пролетта |
| **Содржина на денот** | Мојата топка |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Бојана Алексоска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор на тема – Како правилно се мијат рацете. |
| **Активности** | Детето најмногу учи преку игра. За да усвои нови математички поими потребно е често да организирате вакви игри кои се доста интересни и ќе го задржуваат детското внимание. Една од омилените играчки на деца од оваа возраст е топката. Играјќи со неа детето истовремено ќе се запознае со нејзината форма и ќе открие што може да прави со неа. За оваа игра потребни ви се голема картонска кутија на која ќе исечете кругови кои ќе ги обележите со разни бои и топки во различни бои. Детето треба да земе топка и да ја протне во кругот според обележаната боја. Потоа може истите топки да ги сортира според бојата во кутии или да погодува одредена цел. Преку овие игри детето ги јакне моторичките вештини, препознава различни бои и логички размислува. |